## ЛИСТА
## НА ПРОИЗВОДИ ШТО СЕ СМЕТААТ ЗА КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ

1. За козметички производи се сметаат следните категории на производи:

1. Креми, емулзии, лосиони, гелови и масла за кожа (раце, лице, стопала итн.).

2. Маски за лице (со исклучок на производи за отстранување на површинскиот слој на кожата - пилинг).

3. Обоени подлоги (во течен облик, во облик на пасти, пудри).

4. Пудри за шминка, пудри за по туширање, хигиенски пудри итн.

5. Тоалетни сапуни, дезодорански сапуни итн.

6. Парфеми, тоалетни води и колонски води.

7. Препарати за капење и туширање (соли, пени, масла, гелови итн.).

8. Средства за депилирање.

9. Дезодоранси и антиперспиранти.

10. Производи за нега на косата:

а) Бои за коса и средства за избелување;

б) Производи за кадрење, исправување и фиксирање;

в) Производи за зацврстување;

г) Производи за чистење (лосиони, пудри, шампони);

д) Производи за третман на косата (лосиони, креми, масла);

ѓ) Производи за изработка на фризури (лосиони, лакови, брилјантини).

11. Производи за бричење (креми, пени, лосиони итн.).

12. Производи за шминкање и отстранување на шминката од лицето и од очите.

13. Производи наменети за нанесување на усните.

14. Производи за нега на забите и на устата.

15. Производи за нега на ноктите и нивно декорирање (шминкање).

16. Производи за надворешна интимна хигиена.

17. Производи за сончање.

18. Производи за потемнување на кожата без изложување на сонце.

19. Производи за белење на кожата, и

20. Производи против брчки.

2. Оваа листа ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

20 декември 2007 година<br>Скопје

Министер за здравство,<br>д-р **Имер Селмани,** с.р.